Јавна здравствена установа
Здравствен дом Д-р Хаим Абраванел
бр. 04-545
24.10 2023 год.
Битола

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/15 и 35/18 и Службен весник на Република Северна Македонија 303/21), Колективниот договор за здравствена дејност на РМ, Правилник за систематизација на работните места во ЈЗУ Здравствен дом Битола бр.02-157 од 27.04.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈЗУ Здравствен дом - Битола со архивски број : 02-13/2 и 04-369/1 од 2017 година, 02-452 од 2018 година и 02-383/2 , 02-564/1, 02-565/1, 02-605/2 од 2019 година, 02-849/3 од 29.12.2020 година, 02-369 од 08.07.2021 година, 02-88/5-1 од 23.02.2022 година, 03-568 од 12.09.2022 година, 02-758/2 од 05.12.2022 година, 02 239/3 од 15.05.2023 година и 02-498 од 27.09.2023 година и член 30 од Статутот на ЈЗУ Здравствен дом – Битола, Директорот на ЈЗУ Здравствен дом – Битола објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 02/2023

ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК

ЈЗУ Здравствен дом - Битола објавува Интерен оглас за унапредување на административен службеник за следното работно место:

**1. Работно место под реден број 8 и шифра: ЗДР 01 02 Б04 003**

Звање и назив на работното место: Раководител на одделение за човечки ресури

Назив на сектор:/ Сектор за правни,кадрови и административни работи

Број на извршители: 1

Општи услови за работното место:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност како,

Посебни услови за работното место:

- степен и вид на образование: ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на Правни науки, Образование.

-работно искуство: најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување,

- да е на работно место на непосредно пониско ниво

- да поминал најмалку две години на истото ниво

- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас и

- потврда за положен испит за административно управување

Општи работни компетенции:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;

- учење и развој;

- комуникација;

- остварување резултати;

- работење со други/тимска работа;

- стратешка свест;

- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;

- финансиско управување. и

- раководење

Посебни работни компетенции:

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски),

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Распоред на работно време:

- неделно работно време: од понеделник до петок;

- работни часови неделно: 40 часа

- работно време: од 7 часот до 15 часот

Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво: 33.150,00

Пополнетата пријава, како и доказите за податоците содржани во пријавата, кандидатот потребно е во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас, во писмена форма да ги достави преку архивата до организационата единица за управување со човечки ресурси на ЈЗУ Здравствен дом – Битола, како и до службената електронска адреса на организационата единица за управување со човечки ресурси hr@zdbitola.org.mk

Кон пријавата кандидатот може да приложи:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник)

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Постапката ќе ја спроведи Комисија за селекција и унапредување формирана од страна на Раководниот орган на ЈЗУ Здравствен дом – Битола. Постапката се состои од две фази: административна селекција и интервју.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

ЈЗУ Здравствен дом

Д-р Хаим Абраванел – Битола

Директор

Д-р Весна Спиркоска

Изработил : Благоја Лазаров

Одобрил : Томе Гајдаџиевски